Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Комисија за организации со статус од јавен интерес

# И З В Е Ш Т А Ј ЗА РАБОТА НА КОМИСИЈАТА ЗА ОРГАНИЗАЦИИ СО СТАТУС ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС ВО 2013 ГОДИНА

Скопје, јануари 2014 година

## 1. Вовед

Законот за здруженија и фондации ("Службен весник на Република Македонија" бр.52/2010 и 135/2011) во Глава XI воведува нова организациска форма во функционирањето на здруженијата и фондациите – Организации со статус на јавен интерес. Статусот на јавен интерес на организациите го определува Владата на Република Македонија, по предлог на Комисија за организации со статус од јавен интерес.

Согласно член 79 од Законот за здруженија и фондации и Правилникот за начинот и критериумите за избор, како и причините за престанок на вршењето на работата на претседателот и членовите на Комисијата за организации со статус на јавен интерес („Службен весник на Република Македонија" бр.142/2010), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 2.03.2012 година донесе Решение за именување претседател и членови на Комисијата за организации со статус од јавен интерес („Службен весник на Република Македонија" бр.35/2012). Комисијата е составена од претседател и десет члена од кои по еден претставник од Министерството за финансии, Министерството за правда, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за култура, Министерството за здравство, Министерството за образование и наука, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за локална самоуправа, Агенцијата за млади и спорт, како и двајца претставници на организации регистрирани во согласност на Законот за здруженија и фондации, а избрани по пат на оглас, што Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија го објави на 08.08.2011 година и на 7.10.2011 година, во дневните весници Вечер, Дневник и Коха и на веб страницата на Одделението за соработка со невладини организации www.nvosorabotka.gov.mk[1] .

Комисијата за организации со статус на јавен интерес, согласно член 80 од Законот за здруженија и фондации е надлежна да: дава предлози за доделување и престанок на статус на организација од јавен интерес; разгледува и дава мислења по деловни и финансиски извештаи за работата на организациите со статус од јавен интерес; предлага поведување прекршочна постапка и го утврдува годишниот извештај за својата работа за претходната година. Годишниот извештај Комисјата го објавува на својата веб страница.

[1] Комисијата за организации со статус на јавен интерес ја сочинуваат: претседателот Елена Ивановска од Министерството за образование и наука и членовите: Тоше Пановски од Министерството за финансии, Јулијана Георгиевска од Министерството за правда, Лена Ничевска од Министерството за труд и социјална политика, Маја Таневска од Министерството за култура, Јадранка Иванова од Министерството за животна средина и просторно планирање, Ели Чакар од Министерството за локална самоуправа, Стојанчо Стојковски од Министерството за здравство, Гордана Цекова од Агенцијата за млади и спорт, Светлана Киревска од Фондацијата за развој на мали и средни претприемништва од Скопје и Христина Спасевска од Сојузот на Здруженија за техничка култура на Македонија – Народна техника од Скопје.

Комисијата за организации со статус од јавен интерес во текот на 2012 година ги донесе сите потребни акти за успешно извршување на своите надлежности (Деловник за работа на Комисијата за организации со статус од јавен интерес; Образец на Барање за добивање статус на организација од јавен интерес и Листа на потребни документи за добивање статус на организација од јавен интерес) и воспостави своја веб страница, како посебен дел на веб страницата на Одделение за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија www.nvosoraboka.gov.mk.

Административно-техничките работи на Комисијата ги врши Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија – Одделение за соработка со невладини организации.

## 2. Активности на Комисијата за организации со статус од јавен интерес во 2013 година

Комисијата за организации со статус од јавен интерес во 2013 година одржа четири седници.

На Четвртата седница одржана на 19.02.2013 година, Комисијата за организации со статус од јавен интерес го разгледа и усвои Извештајот за работа на Комисијата во 2012 година, подготвен од Одделението за соработка со невладини организации при Генералниот секретаријат. Владата на Република Македонија го разгледа Извештајот како материјал за информирање на седницата одржана на 05.03.2013 година.

Петата, Шестата и Седмата седница на Комисијата[2] беа посветени на разгледување на барања за добивање статус на организација од јавен интерес.

Со цел проширување на знаењето на граѓанскиот сектор и на државните службеници за статусот на организација од јавен интерес, како и афирмирање на улогата на Комисијата за организации со статус од јавен интерес, проектот Техничка поддршка на граѓанските организации ТАКСО во соработка со Комисијата за организации со стату од јавен интерс на 22 мај 2013 година, во Скопје, организираше семинар на тема „Организации од јавен интерес – состојби и перспективи“. На семинарот учествуваат претставници од 35 здруженија и фондации и 4 членови на Комисијата за организации со статус од јавен интерес, како и вработените во Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат.

Предавањата и дискусиите на семинарот ги опфатија следните теми: правната рамка и процедури за добивање статус на организација од јавен интерес и

[2] Пета седница одржана на 15.07.2013 година, Шеста седница одржана на 16.09.2013 година и Седма седница одржана на 28.10.2013 година

споредбени согледувања за статус на организација од јавен интерес и потреба од дополнување на законските одредби.

Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) во соработка со Европскиот центар за непрофитно право (ЕЦНЛ) од Будимпешта, во рамките на проектот „Овозможувачка правна рамка“ поддржан од Американската агенција за развој (УСАИД), на 9 јули 2013 година во Скопје, организираа консултативен настан „Предизвици при спроведувањето на Законот за здруженија и фондации“, на кој учествуваа членови на Комисијата за организации со статус од јавен интерес.

Целта на консултативниот настан беше претставниците на органите на државната управа кои директно се вклучени во спроведувањето на Законот за здруженија и фондации да дискутираат за искуството од досегашното спроведување на законот, а пред се за можностите и примената на економски активности од страна на граѓанските организации, процесот на регистрација/пререгистрација, стекнувањето на статус на организација од јавен интерес, потребни измени на даночната регулатива и сл.

## 3. Разгледани барања за добивање на статус на организација од јавен интерес

Во текот на 2013 година до Владата на Република Македонија, преку Комисијата за организации со статус од јавен интерес беше поднесено едно барање за добивање статус на организација од јавен интерес од Непрофитната организација за стипендирање на студенти и поддршка на научно-истражувачки активности - Фондација ПЕКСИМ од Скопје.

Комисијата го разледа Барањето на Фондацијата ПЕКСИМ за добивање статус на организација од јавен интерес на петтата седница, одржана на 15.07.2013 година, со списите во предметот и утврди дека барањето е некомплетно во смисла на член 75 и 76 од Законот за здруженија и фондации, односно дека недостасуваа следните документи: Опис на активностите со кои е спроведувана дејноста од јавен интерес, во смисла на член 76 став 2 алинеја 4 (покрај доставените финансиски извештаи, потребно беше да се достави извештај за реализирани активности во Република Македонија во изминатите 3 година, со податоци за бројот на стипендирани студенти, начинот на нивна селекција и сл.) и Опис на кадровскиот капацитет, во смисла на член 76 став 2 алинеја 7 (договори за хонорарно ангажираните лица или за волонтерите). До подносителот на барањето Комисјата достави укажување да го комплетираат барањето за добивање статус на организација од јавен интерес рок со од 15 дена.

На шестата седница, одржана на 16.09.2013 година, Комисијата за организации со статус од јавен интерес, повторно го разгледа барањето за добивање на статус на организација од јавен интерес од Фондацијата ПЕКСИМ со списите во предметот и дополнително доставената документација и оцени дека барањето е некомплетно

во смисла на член 75 и 76 од Законот за здруженија и фондации, односно дека не е постапено во целост по укажувањата на Комисијата од 15.07.2013 година. Комисијата утврди дека е потребно подносителот на барањето да достави детален извештај за реализираните активности во Република Македонија во изминатите 3 години, во кој покрај бројот на пријавени и стипендирани студенти, начинот на нивната селекција и сл. Ќе ги наведе и другите реализирани активности (како што се содржани во Програмата за работа, Статутот, Решението за упис од Централниот регистар на Република Македонија итн.). Исто така, Комисијата утврди дека е потребно да се образложат реализираните активности кои се однесуваат на промовирање и публицитет (промотивен материјал и сл.) во смисла на точката 9 од Меморандумот за разбирање помеѓу Фондацијата Пексим и Cambridge Overseas Trust (COT).

Комисијата за организации со статус од јавен интерес, на својата седма седница, одржана на 28.10.2013 година, повторно го разгледа барањето на Непрофитната организација за стипендирање на студенти и поддршка на научно истражувачки активности – Фондација ПЕКСИМ од Скопје за добивање статус на организација од јавен интерес, со доставената дополнителна документација, согласно укажувањето на Комисијата од 16.09.2013 година и оцени дека се исполнети условите од членовите 74, 75 и 76 од Законот за здруженија и фондации, односно дека Фондацијата ПЕКСИМ ги исполнува условите за вршење дејност од јавен интерес – *наука, образование и обука во образовниот процес.*

Комисијата го задолжи Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат да подготви Информација за барањето на Непрофитната организација за стипендирање на студенти и поддршка на научно истражувачки активности – Фондација ПЕКСИМ од Скопје за добивање статус на организација од јавен интерес, со Предлог-решение и да ги достави за разгледување од страна на Владата на Република Македонија.

Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 11.12.2013 година, ја разгледа Информацијата за барањето на Непрофитната организација за стипендирање на студенти и поддршка на научно-истражувачки активности - Фондација ПЕКСИМ од Скопје, за добивање статус на организација од јавен интерес, со Предлог-решение за доделување статус на организација од јавен интерес, ја усвои Информацијата и го донесе Решението во предложениот текст.

Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат го достави Решението за доделување статус на организација од јавен интерес на Непрофитната организација за стипендирање на студенти и поддршка на научно-истражувачки активности - Фондацијата ПЕКСИМ од Скопје, бр.41-9030/1 од 11.12.2013 година до организацијата и до Централниот регистар на Република Македонија, согласно член 81 став 2 алинеја 7 од Законот за здруженија и фондации, а на веб страницата на Одделението, www.nvosorabotka.gov.mk, на подстраницата на Комисијата за организации со статус од јавен интерес објави

Список на здруженија и фондации на кои им е доделен статус на организација од јавен интерес, согласно член 81 став (2) алинеја 10 од Законот за здруженија и фондации.

## 4. Заклучни согледувања и препораки

Комисијата за организации со статус од јавен интерес во текот на својата двогодишна работа ги донесе сите потребни акти за успешно извршување на своите надлежности (Деловник за работа на Комисијата за организации со статус од јавен интерес; Образец на Барање за добивање статус на организација од јавен интерес и Листа на потребни документи за добивање статус на организација од јавен интерес), воспостави своја веб страница, како посебен дел на веб страницата на Одделение за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија www.nvosoraboka.gov.mk и учествуваше на неколку обуки и консултативни настани со цел зајакнување на капацитетите на членовите на Комисијата за практична примена на одредбите од Законот за здруженија и фондации кои го регулираат статусот на организации од јавен интерес.

Комисијата во 2012 година разгледа две барања за добивање на статус на организација од јавен интерес, за што ја информираше Владата на Република Македонија, а Владата донесе Решение со кое се одбива едното барање бидејќи не се исполнети критериумите од член 75 став 1 алинеи 3 и 6 од Законот за здруженија и фондации и Решение со кое се констатира дека второто барање ќе се смета дека не е поднесено, од причини што подносителот не постапи по укажувањето на Комисијата за комплетирање на барањето.

Во 2013 година, Комисијата за организации со статус од јавен интерес разгледа само едно барања за добивање на статус на организација од јавен интерес, за што ја информираше Владата на Република Македонија, а Владата донесе Решение за доделување статус на организација од јавен интерес.

За да се зголеми интересот на здруженијата и фондациите за поднесување на барања за добивање на статус на организација од јавен интерес потребни се дополнителни активности за афирмирање на одредбите од Законот за здруженија и фондации кои го регулираат статусот на организации од јавен интерес, но и измени во даночната и царинската регулатива со цел практична примена на членот 88 од Законот за здруженија и фондации, според кој „организациите со статус од јавен интерес покрај даночните и церинските олеснувања утврдени во ченот 7 став (2) на овој закон имаат дополнителни даночни и царински олеснувања во согласност со закон“.